# Говорништвото во антиката

Покрај философијата и историографијата, во антиката особено значајно било говорништвото. **Говорништвото е книжевна дејност на пишување прозни текстови за јавно говорење. Текстот што се чита има за цел да ги убеди слушателите во нешто.**

Низ градовите во Хелада многу познати личности се занимавале со говорништво, а меѓу нив најпознати се **Солон**, **Перикле**, **Демостен**, **Горгија** и **Лисија**. Во римското општество прочуени се говорите на философот **Кикерон**.

Со говорништвото се занимавале само мажите, а на жените им била забранета оваа дејност. Секое момче кое ќе наполни 18 години добивало можност да учествува во Собранието како претставник на народот. Меѓутоа, иако претставниците на Собранието имале право да држат говори, секој од нив не бил внимателно слушан. За да се привлече вниманието, треба да се познава вештината на јавно говорење и убедување со говор, да се учи **реторика**.



Сл. 1 Кикерон



Сл. 2 Перикле

Со една реченица, да се биде вешт и влијателен говорник бил единствениот пат во тоа време за да некој стане државник, законодавец, војсководец и да приграби моќ, слава и богатство за себе. За разлика од оние што учеле како да држат говор, атинскиот државник Перикле бил природно надарен говорник кој не ја изучувал реториката. Историографот Диодор Сикулски вели  дека Перикле ги преовладувал сите свои сограѓани во вештината на јавно говорење. Хеленските писатели толку го величале што му ја додавале придавката „олимписки“ тврдејќи дека „го држел Ѕевсовото оружје, громот“ додека ги држел своите говори пред Атињаните. Римскиот историчар Квинтилијан вели дека Перикле темелно ги спремал своите говори и секогаш пред да излезе нешто да проговори пред јавноста се упатувал во храм и се молел на хеленските  богови да не изговори некој погрешен збор.

Постојат три вида говори кои се одржувале при разни пригоди:

1. ***Полишички***, **тие се најстари и се одржуваат во собрание во некој хеленски град (Атина, Коринт, Теба), во Сенатот во градот Рим или пред војска**;
(Во овие говори говорникот ги поттикнува присутните да направат или да прифатат нешто за што ќе ги убеди дека е полезно или ги одвраќа од нешто за што ќе ги убеди дека е штетно.)
2. ***Судски***, **се одржуваат во судница**;
(Говорникот ги убедува оние што судат дека е неправедно или праведно некое сторено дело, за да може да ја исполни целта на говорот, некого да обвини или да одбрани.)
3. ***Свечени***, **се одржуваат на разни јавни настапи и собири**.
(Содржините на овие говори можат да бидат различни, но нивната задача е да пофалат или да кудат, убедувајќи ги дека нешто е срамно односно чесно.)

**Одржи говор пред твоите соученици.** Избери тема на која би сакал/а да поттикнеш размислување за промени.

На пример, одржување на чист училиштен двор или лична хигиена, почитување на кодексот на однесување и облекување и др.



**Прашања за дискусија:** Дали говорништвото е еднакво важна дејност денес? Познаваш ли некои современи говорници? За кои теми држат говори? Дали би сакал да бидеш говорник?

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND